**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ ЗА Е-УЧЕБНИК „ОСНОВИ НА ТУРИЗАМ" ОД Д-Р ЗЛАТКО ЈАКОВЛЕВ ПО ПРЕДМЕТОТ ОСНОВИ НА ТУРИЗАМ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2102-424/12 од 24.10.2018 на 194. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 24.10.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Никола В. Димитров, ред. проф. на Факултет за туризам и бизнис логистика;
- вон. проф. д-р Цане Котески, Факултет за туризам и бизнис логистика, за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ОСНОВИ НА ТУРИЗАМ**" од проф. д-р Златко Јаковлев, ред. професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, наменет за студентите на прв циклус студии при Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот за учебник „Основи на туризмот" од авторот проф. д-р Златко Јаковлев е компатибилен со Наставната програма за предметот Основи на туризмот, што се изучува на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, во прв семестар на додипломските студии.

Ракописот е напишан на Б5 формат, нормален проред, фонт Arial со македонска поддршка, големина на буквите 12. Предложениот обем по содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број часови при што се слуша како задолжителен предмет на насоките: Туризам и Гастрономија исхрана и диететика со 3+2+2 во I семестар. Текстот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите, а кои се однесуваат на реализација на наставните часови во рамките на предметот Основи на туризмот. Во таа смисла, во ракописот детално се разработени 21 глава, а во секоја од нив се разработени основните поставки, потребата и значењето на сите поими, категории и карактеристики во туризмот.

Пишуваниот материјал ја третира проблематиката на развојот на туризмот и неговата улога и значење за вкупната економија на одредена земја. Авторот проф. д-р Златко Јаковлев истакнува дека туризмот е најзначајна активност за економскиот раст и развој и неговото менаџирање е од круцијална важност за сите кои на непосреден или посреден начин се инволвирани во туризмот. Поконкретно, развојот на туризмот претставува голем мотив за носителите на туристичката понуда, а посебно деловните субјекти од угостителството, посредништвото, сообраќајот, трговијата, комуналните дејности и занаетчиството. Тоа значи за сите дејности коишто го сочинуваат туристичкото стопанство. Познавајќи го фактот дека туризмот не го добил местото што го заслужува во вкупниот економски развој на нашата држава, активното партиципирање на сите деловни чинители од доменот на туризмот претставува една од главните одговорности на сите туристички субјекти.

Иако постојат одреден број автори кои се занимавале со проучување на оваа проблематика од теоретски аспект, сепак, мал е бројот на истражувања од оваа област во нашата земја. Оттука, понудениот пишуван материјал ја проучува од научен и стручен аспект проблематиката за потребата, улогата и значењето и оправданоста за развој на туризмот, притоа давајќи практични примери од некои развиени земји.

Ракописот методолошки е структуриран во 21 глава кои меѓу себе се надополнуваат. Секоја глава започнува со кратко информативно појаснување за точките кои ја обработуваат главната тема понудена како глава.

Првата глава е насловена *Поим за туризам*. Во оваа глава авторот истакнува дека туризмот претставува значајна општествено-економска појава која навлегува во сите пори на економскиот, општествениот, политичкиот, спортскиот и културниот живот. Овој феномен претставува хетерогена појава и затоа при негово проучување треба да се користи мултидисциплинарен приод.

Втората глава е насловена *Развојниот пат на туризмот*. Во неа детално е разработено прашањето за согледување на аналогните појави на туризмот и како тој се развивал од почетоците на цивилизацијата до денес.

Третата глава ја обработува проблематиката за условите за развој на туризмот. Оттука, интерес предизвикуваат слободното време и слободните финансиски средства како објективни услови за развој на туризмот и желбите на потенцијалните посетители за вклучување во туристичките текови, како и други услови кои се значајни за туризмот.

Четвртата глава, насловена како *Туризмот како предмет на научно истражување* во детали ги објаснува и анализира почетните истражувања за туризмот, туризмологијата наука за туризмот, како и методолошките принципи во истражувањето на туризмот.

Петтата глава е насловена *Дефинирање на поимот туризам и на сродни поими што произлегуваат од него*. Во неа се структурни особини и категории на туристичкиот феномен. Во тој контекст се обработени: дефинирање на поимот турист, туристички локалитет, туристичко место, туристичко подрачје и туристички регион.

Шестата глава исцрпно и детално ги третира сите круцијални прашања поврзани со туристичките потреби. Така, дадено е: хиерархија на потреби и туристички потреби и процес на донесување одлуки за туристички патувања.

Седмата глава ги разработува *Факторите за развој на туризмот*. Оттука, разработени се: атрактивни, комуникативни и рецептивни фактори.

Осмата глава дава приказ на функциите во туризмот, каде што најпрво се елаборирани општествените, а потоа економските функции на туризмот.

Во деветтата глава авторот покрај позитивните ефекти на туризмот детално ги разработува и негативните аспекти на туризмот.

Десеттата глава авторот ја посветува на концептот на стратегиско управување со туристичката дестинација. Во оваа глава тој најнапред се осврнува на поим, дефинирање и содржини на стратегискиот менаџмент во туризмот. Потоа, го дефинира поимот туристичка дестинација. Се осврнува и на концепти на стратегиски менаџмент на туристичка дестинација. Потоа ја објаснува конкурентноста на туристичката дестинација. Следно ги истакнува факторите за конкурентност на туристичката дестинација и дијамантот на нејзина конкурентност. И на крај, во рамките на оваа глава зборува за идентитет и имиџ на туристичка дестинација.

Во единаесеттата глава авторот проф. д-р Златко Јаковлев ги елаборира туристичките атракции, каде што посебно ја истакнува нивната важност и основните карактеристики, потоа според одредени критериуми ги истакнува поделбите на атракциите и на крајот од оваа глава се осврнува на видовите атракции и нивните карактеристики.

Дванаесеттата глава се однесува на маркетинг менаџментот во туризмот. Во оваа глава авторот се осврнува на воведување на маркетинг менаџментот во туризмот, специфичноста на туристичкиот пазар, однесување на потрошувачите, сегментација на туристичкиот пазар, туристички производ, цена, дистрибуција и промоција во туризмот.

Во тринаесеттата глава авторот се осврнува на карактеристиките на современиот туристички пазар, додека во четиринаесеттата глава тој ги истакнува современите трендови во туристичкиот пазар.

Петнаесеттата глава се однесува на планирање во туризмот, каде што авторот најнапред се осврнува на вовед во основите на туристичкото планирање, потоа на методите и основните карактеристики во планирањето и на крај од оваа глава ги истакнува основните постапки во планирањето.

Во шеснаесеттата глава авторот ја истакнува поврзаноста на туризмот и анимацијата во туризмот. Најпрво го истакнува поимот анимација, дава своја дефиниција, ги истакнува принципите, целите и нејзиното значење. И на крај од оваа глава се осврнува на интерперсоналната комуникација како сегмент на анимацијата во туризмот.

Во седумнаесеттата глава авторот се осврнува на туризмот и заштита на животната средина, каде што посебно зборува за современ пристап за одржување и заштита на туризмот, потоа за туризмот и заштита на природната средина и туризмот и заштита на антропогените фактори.

Осумн*а*есеттата глава се однесува на туризмот и меѓународното опкружување, каде што авторот посебно се осврнува на влијанието на глобалните движења врз туристичката индустрија и избор на начини за ширење на меѓународниот туристички пазар и пречки во меѓународното опкружување.

Во деветнаесеттата глава авторот проф. д-р Златко Јаковлев ги истакнува различните видови на туризам, во зависност од бројните критериуми кои се предмет на елаборација.

Дваесеттата глава се однесува на современиот туризам и футурологијата. Најпрво авторот се осврнува на почетоците на современиот туризам, потоа на масовниот туризам, го елаборира одржливиот развој на туризмот и на крај од оваа глава зборува за туризмот во глобална перспектива.

Така, посебна тежина и вредност на ракописот дава овој последен дваесет и први дел во кој авторот ги истакнува улогите на туристичкиот водич за развој на туризмот во Република Македонија.

На крајот, соодветно се нотирани сите библиографски единици кои се цитирани во текстот. Може да се констатира извонредна систематичност во презентирањето на содржините на ракописот. Авторот покажува големи стручни и научни познавања на третираната проблематика. Начинот на презентирање на овие сложени прашања од областа на основите на туризмот е многу пристапен со примена на јасни примери од непосредната практика, што овозможува стекнување многу јасна слика за подготовка на наставниот час по предметот Основи на туризам.

Сметаме дека материјалот, како универзитетски учебник, претставува извонредна основа за подготовка на студентите во делот на теоретските барања, но едновремено и практичните потреби по предметот Основи на туризам, за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Концизното и експлицитно презентирање на проблематика од областа на основите на туризмот дава голема можност за користење на овој материјал и од страна на сите оние чинители кои на каков било начин се директно или индиректно поврзани со развојот на туризмот.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот за е-универзитетски учебник „Основи на туризам" од авторот проф. д-р Златко Јаковлев разработува едно од покомплексните прашања присутни во теоретската мисла која го проучува феноменот туризам. Прашањето за апликативна примена на туризмот во туристичкото стопанство е актуелно и постојано иницира мотиви за нејзино натамошно проучување. Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на предметот Основи на туризам, што го изучуваат студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, во прв семестар на додипломските студии на насоките Туризам и Гастрномија, исхрана и диететика. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање е-универзитетски учебник пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Рецензентската комисија предлага ракописот „Основи на туризам" од авторот проф. д-р Златко Јаковлев да биде издаден во електронска форма како е-универзитетски учебник за потребите на студентите на додипломските студии на насоките Туризам и Гастрономија, исхрана и диететика на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Никола В. Димитров, редовен професор, с.р.**
**Д-р Цане Котески, вонреден професор, с.р.**